Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 2015-0301-4140
04.12. 2015 год.
СКОПЈЕ

**Клаузули кои се применуват со Тарифа ЕРД1:**

***Клаузула ЛВ 81006/00*за видот и висината на покритието за случај на смрт на осигуреникот кај Тарифите за премии на осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премии во случај на смрт за едно лице со пресметување на добивката која му припаѓа и со плаќање на премија за цело времетраење на осигурувањето или со скратено траење на плаќање на премија (во понатамошниот текст: Тарифа ЕРД1):**

Наместо осигурениот износ кој се дефинира како надомест од осигурување во Општите услови на осигурување на лица АБП 06 и Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка која му припаѓа ЛВК 06, надоместот од осигурување по Тарифа ЕРД1, за случај на смрт на осигуреникот, го сочинува исклучиво збирот од дотогаш уплатените премии без пресметани доплати. На збирот од уплатените премии се додава и припишаната добивка која му припаѓа до моментот на смртта на осгуреникот.

Според оваа тарифа, само по истекот на траењето на осигурувањето, односно по доживување, како надомест од осигурување се исплаќа договорениот осигурен износ со припишаната добивка која му припаѓа.
Кај дополнителното осигурување од смрт како последици на несреќен случај , за лица постари од 15 години, надоместот за осигурување е осигурениот износ кој е договорен за ова дополнително осигурување. Осигурениот износ за дополнителното осигурување за смрт како последица на несреќен случај мора да биде еднаков на договорениот осигурен износ по Тарифата ЕРД1, но не може да биде поголема од 5.000 евра. Ако осигурениот износ по Тарифата ЕРД1 е поголема од 5.000 евра, тогаш осигурениот износ за дополнителното осигурување може да биде само 5.000 евра.

***Клаузула ЛВ80006/00* за осигурување на деца по Тарифа за премија за осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премии во случај на смрт на едно лице со пресметување на добивка која му припаѓа и со плаќање на премија за целовреметраење на осигурувањето или со скратено траење на плаќање на премија (во понатамошниот текст: Тарифа ЕРД1):**

Оваа клаузула утврдува дека ставот 6. од Член 1. од Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка која му припаѓа ЛВК 06 нема да се применува односно нема да биде во правна сила, така што лица помлади од 15 години можат да се осигураат по наведената тарифа.

Наместо осигурениот износ кој се дефинира како надомест од осигурување во Општите услови за осигурување на лица АБП 06 и Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка која му припаѓа ЛВК 06, надоместот од осигурување по оваа тарифа, за случај на смрт на осигуреникот, го сочинува исклучиво збирот на до тогаш уплатените премии без пресметани доплати. На збирот уплатени премии се додава и припишаната добивка која му припаѓа до моментот на смрт на осигуреникот.

По оваа тарифа само по истекот на траење на осигурувањето, односно по доживување, како надомест од осигурување се исплаќа договрениот осигурен износ со припишаната добивка која му припаѓа.

***Клаузула ЛВ 80006/01* за исплата на надомест за погребни трошоци во случај на смрт на осигуреникот како последица од несреќен случај:**

Под несреќен случај се подразбира ненадеен и од волјата на осигуреникот независен настан кој делува механички или хемиски на неговото тело, предизвикувајќи смрт.

Ако настапи смрт на осигуреникот од последици на несреќен случај пред навршени 15 години, се исплатува само надомест за погребни трошоци. Надоместот за погребни трошоци изнесува највеќе 2.500 евра.

Извршен Директор

Марко Микиќ

Акционерско друштво
за осигурување
ГРАВЕ
СКОПЈЕ

Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 2015-0301-4139
04. 12. 2015 год.
СКОПЈЕ

**Клаузули кои се применуваат со Тарифа ЕРД11:**

***Клаузула ЛВ 81006/01*** **за видот и висината на покритие за случај на смрт на осигуреникот кај Тарифа за премии на осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премиии во случај на смрт за едно лице со добивката која му припаѓа и со еднократна уплата на премија (во понатамошниот текст: ЕРД11):**

Наместо осигурениот износ кој се дефинира како надомест од осигурување во Општите услови за осигурување на лица АБП 06 и Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка кој му припаѓа ЛВК 06, надомест од осигурување по Тарифа ЕРД 11, за случај на смрт на осигуреникот, е еднократно уплатената премија без пресметани доплати. На уплатената премија се додава и припишаната добивка која му припаѓа до моментот на смрт на осигуреникот.

По оваа тарифа, само по истекот на траење на осигурување, односно по доживување, како надомест од осигурување се исплаќа договорениот осигурен износ со припишаната добивка која му припаѓа.

***Клаузула ЛВ 80006/02*** **за осигурување на деца по Тарифа за премии за осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премии во случај на смрт за едно лице со добивката која му припаѓа и еднократна уплата на премија (во понатамошниот текст: ЕРД11):**

Оваа клаузула утврдува дека ставот 6. од Член 1. од Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка која му припаѓа ЛВК 06 нема да се применува, односно нема да биде во правна сила, така што и лица помлади од 15 години можат да се осигураат по наведената тарифа.

Наместо осигураниот износ кој се дефинира како надомест од осигурување во Општите услови за осигурување на лица АБП 06 и Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка која му припаѓа ЛВК 06, надоместот од осигурување по оваа арифа, за случај на смрт на осигуреникот, е еднократно уплатената премија без пресметани доплати. На уплатената премија се додава и припишаната добивка која му припаѓа до моментот на смрт на осигуреникот.

По оваа тарифа, само по истек на траење на осигурување, односно по доживување, како надомест од осигурување се исплаќа договорениот осигурен износ со припишана добивка која му припаѓа.

Извршен Директор
Марко Микиќ

Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ СКОПЈЕ

Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 2015-0301-4139
04.12. 2015 год.
СКОПЈЕ

**Клаузули кои се применуваат со Тарифа ЕРД11:**

***Клаузула ЛВ 81006/01*** **за видот и висината на покритие за случај на смрт на осигуреникот кај Тарифа за премии на осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премиии во случај на смрт за едно лице со добивката која му припаѓа и со еднократна уплата на премија (во понатамошниот текст: ЕРД11):**

Наместо осигурениот износ кој се дефинира како надомест од осигурување во Општите услови за осигурување на лица АБП 06 и Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка кој му припаѓа ЛВК 06, надомест од осигурување по Тарифа ЕРД 11, за случај на смрт на осигуреникот, е еднократно уплатената премија без пресметани доплати. На уплатената премија се додава и припишаната добивка која му припаѓа до моментот на смрт на осигуреникот.

По оваа тарифа, само по истекот на траење на осигурување, односно по доживување, како надомест од осигурување се исплаќа договорениот осигурен износ со припишаната добивка која му припаѓа.

***Клаузула ЛВ 80006/02*** **за осигурување на деца по Тарифа за премии за осигурување на живот за случај на доживување со поврат на уплатените тарифни премии во случај на смрт за едно лице со добивката која му припаѓа и еднократна уплата на премија (во понатамошниот текст: ЕРД11):**

Оваа клаузула утврдува дека ставот 6. од Член 1. од Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка која му припаѓа ЛВК 06 нема да се применува, односно нема да биде во правна сила, така што и лица помлади од 15 години можат да се осигураат по наведената тарифа.

Наместо осигураниот износ кој се дефинира како надомест од осигурување во Општите услови за осигурување на лица АБП 06 и Општите услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување со добивка која му припаѓа ЛВК 06, надоместот од осигурување по оваа арифа, за случај на смрт на осигуреникот, е еднократно уплатената премија без пресметани доплати. На уплатената премија се додава и припишаната добивка која му припаѓа до моментот на смрт на осигуреникот.

По оваа тарифа, само по истек на траење на осигурување, односно по доживување, како надомест од осигурување се исплаќа договорениот осигурен износ со припишана добивка која му припаѓа.

Извршен Директор
Марко Микиќ

Акционерско друштво
за осигурување
ГРАВЕ
СКОПЈЕ